**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 02.03.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

2. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 27.05.2019, се усвојуваат следните измени:

   1) член 2 се менува и гласи:

**член 2**

Името на Банката гласи:
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.** Во превод се употребува името **Sparkasse Bank Makedonija AD Skopje.**
Името на Банката се испишува на кирилично писмо, на македонски јазик, а при обавување на работи со странство се испишува на латиница.
Седиштето на Банката се наоѓа во Скопје на адреса ул.Македонија 34 Скопје.

   2) член 106 се менува и гласи:

„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 27.05.2019 година и статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот 24510 – 1/11 од 27.05.2019 година. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува пречистениот текст од 03.02.2020 година и одлуката за измена и дополнување на Статутот од 03.02.2020.

За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја.“

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од Гувернерот на Народната банка и усвојувањето од страна на Собранието на акционери.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите доставени до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измените на Статутот се предложени со цел вклучување на измените на адресата на седиштето на Банката извршено од страна на Град Скопје. Имено, во Декември 2019 година, Банката беше официјално информирана дека нумерирањето на објектите во овој е променет па следствено бројот во адреста на седиштето на Банката е променет од Македонија 9-11 во Македонија 34. Дополнително, со оглед на фактот што е настаната промена на адресата на седиштето на Банката, отпочната е постапка за согласност за промена на седиште на Банка, во која постапка, покрај останати документи, потребно е и соодветно ажурирање на Статутот со новата адреса на седиштето.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач